# Хроника од 50-та седница

**СКОПЈЕ, 16.10.2013** – Советот за радиодифузија (СРД) на денешната седница ги разгледа Извештаите од мониторингот на програмските сервиси на ЈП МРТ, Првиот програмски сервис на Македонската телевизија (МРТ1) и Вториот програмски сервис на Македонската телевизија (МРТ2), емитувани на 1 октомври 2013 година и заклучи на Првиот програмски сервис на Македонската телевизија (МРТ1) да му изрече писмена опомена поради рекламирање во периодот од 17.00 до 21.00 часот;

Кај Вториот програмски сервис на Македонската телевизија (МРТ2), не се констатирани прекршувања на Законот за радиодифузната дејност и на подзаконските акти.

СРД ја усвои Информацијата за непочитување на договорните односи од страна на трговските радиодифузни друштва кои произлегле од Договорот за дигитално емитување на програмските сервиси со операторот на дигитален терестријален мултиплекс "ОНЕ" Телекомуникациски услуги ДООЕЛ Скопје и заклучи да одржи состанок со радиодифузерите наведени во Информацијата со цел да не дојде до несакани ситуации на прекин на дигиталното емитување на одредени програмски сервиси поради непочитување на превземените обврски, односно до одземање на дозволата за вршење радиодифузна дејност на еден радиодифузер поради неемитување најмалку 8 часа дневно програма на телевизија.

СРД ја усвои Анализата на структурата на вработените во радиодифузната индустрија според етничка припадност во 2012 година.

СРД усвои три квартални Анализи на надзорот врз обврските на јавните комуникациски мрежи и другите активности на Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права (за првиот, вториот и третиот квартал на 2013 година) и Анализа на надзорот врз обврските на радиодифузерите и другите активности на Секторот за спречување на пиратерија и заштита

на авторските и сродните права во првото полугодие на 2013 година.

Советот за радиодифузија заклучи да ги издаде следниве потврди за регистрирани програмски пакети:

– на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип, Прилеп ул. 3-та Македонска Бригада бб, Потврда бр. 50 со која регистрираниот програмски пакет како целина се дополнува со телевизиските програмски сервиси: Balkanika HD и Fen TV HD.

– на ДИГИ ПЛУСМУЛТИМЕДИА бул. Партизански одреди бр.70/5 1000 Скопје, Потврда бр. 12 со која регистрираниот програмски пакет како целина се дополнува со телевизискиот програмски сервис: Sport Klub Prime.

– на Друштво за телекомуникациски инженеринг, софтвер, трговија и услуги БЛИЗУ МЕДИА ЕНД БРОУДБЕНД ДООЕЛ Скопје, за град Скопје, Тетово, Куманово Велес, Штип, Прилеп ул. 3-та Македонска Бригада бб, Потврда бр. 51 со која регистрираниот програмски пакет како целина се дополнува со телевизискиот програмски сервис: Орландо Кидс.

– на ТРД – Оператор на кабелска мрежа ИНФЕЛ КТВ ДОО Охрид ул.Богомилска Б1 Охрид, Потврда бр. 10 со која регистрираниот програмски пакет како целина се дополнува со телевизиските програмски сервиси: Алсат М, Алфа, Наша ТВ, Канал 5, MTV Adria, MTV Networks, Fox Life, Fox Movies, National Geographic, Travel, Discover, Animal Planet и TLC.